Република Северна Македонија
Јавна установа Центар за социјална работа
ВАЛАНДОВО
Бр. 04-95/12
17.08.2023 год.
Валандово

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став 10 одЗаконотзасоцијалназаштита (Сл. Весникна РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 23 став 1 точка 9 од Статутот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово бр. 01-226/1 од 24.06.2019 година, В.Д. Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово во врска со објавениот интерен оглас бр.04-95/4 2023 од 07.08.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидати за унапредување по пат на интерен оглас**

1.За извршител на работното место - **СО30303А04020** – Водител на случај во ЦСР-дипломиран социјален работник во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел – Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост еден(1)извршител ЈУ Центар за социјална работа Валандово се избира кандидатот **Данче Коцевска.**
- За извршител на работното место - **СО30303А04023** - Водител на случај во ЦСР-Правник во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел за брак семејство и советувалиште еден (1) извршител од ЈУ Центар за социјална работа Валандово се избира кандидатот **Драган Чочков.**
- За извршител на работното местo - **СО30303А04022** - Водител на случај во ЦСР-Педагог во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел за брак семејство и советувалиште советувалиште еден (1) извршител од ЈУ Центар за социјална работа Валандово се избира кандидатот **Благоје Зајков**

2.Избраните кандидати ќе биде унапредени на работното место од точка еден, по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр. 04-95/3 од 04.08.2023 година за пополнување на слободни работни места во установата со унапредување на тројца (3) извршители по пат на објавување на интерен оглас, а по претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од странана Министерството за финансии бр. 18-6663//2 од 13.06.2023 година ЈУ Центар за социјална работа Валандово објави интерен оглас бр. 04-95/4 на 07.08.2023 година на огласна табла на установата како и на интернет страната на институцијата за унапредување на три извршители за работните места Водители на случај во ЦСР-дипломиран социјален работник во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел – Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост еден(1)извршител,-правник во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел за брак семејство и советувалиште, п
едагог во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел за брак семејство и советувалиште советувалиште, во ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

Во врска со објавениот оглас, В.Д. Директорот формира Комисија за унапредување на тројца (3) даватели на јавна услуга по пат на интерен оглас со Решение бр. 04-95/9-а од 07.08.2023 година заради проверка на веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите и спроведување интервју.

Комисијата за унапредување, по спроведената постапка за веродо стојноста на доказите и исполнетоста на условите и интервјуто состави Записник бр.04-95/9 од 11.08.2023 година.

По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и исполнување на условите од интерниот оглас и интервјуто, Комисијата изготви ранг-листа на кандидати бр. 04-95/10 од 11.08.2023 година и предлог за тројца рангирани кандидати бр. 04-95/11 од 10.08.2023 година и истите ги достави до В.Д. Директорот.

Врз основа на ранг-листата и предлогот В.Д. Директорот изврши избор на тројца кандидати за унапредување како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

ЈУ Центар за социјална работа Валандово
В.Д. Директор
Петар Јанакиев

Доставено до
-кандидат
-досие